КАРПОШ УРБАН

Весник на локалната самоуправа
март-април 2015, бр. 50-51 • година 7



МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

ISSN 1857-6753

ЗБРАТИМЕНИ: КАРПОШ-ЛАПТА, СЕВЕРЕН КИПАР



Misaki



Jewels

ул. Максим Горки бр 21 и
Ramstore Mall
тел: 3246 - 698

Егзотични јапонски бисери дизајнирани во елегантни парчиња накит од дизајнерите во МОНАКО и Монте Карло
Одличен избор со празнично намалени цени.
Накитот од Misaki нека биде круна за Ваш совршен изглед.

ВО ОВОЈ БРОЈ



ВЕТЕНО СТОРЕНО

ГРАДЕЖНА ПРОЛЕТ ВО КАРПОШ 6



СЕМЕЈСТВО

ДЕЦАТА СЕ ФОРМУЛАТА НА СРЕЌАТА 15



АНАЛИЗА

ВО КАРПОШ Е СУПЕР, САМО НИ ТРЕБА ПОВЕЌЕ ГЛАС! 18



ШАХОВСКИ ТУРНИР

ИВАН ИВАНИШЕВИЌ-ПОБЕДНИК НА ОПЕН КАРПОШ 2015 26



СПОРТОРАМА

„КОМЕНСКИ“ НА КОШАРКАРСКИОТ ПИЕДЕСТАЛ ВО КАРПОШ 32



Издава Општина Карпош
Ул. Радика бр. 9
1000 Скопје, Р. Македонија
тел.: 02 / 30-55-901
факс: 02 / 30-71-040
kontakt@karpos.gov.mk
www.karpos.gov.mk

Издавачки совет
Ристо Иванов
Зоран Костов
Димче Мешковски
Томе Груевски
Бојан Милошевски

Главен и одговорен уредник
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

Редакција
Мила Глигорова
Ива Манова
Јоана Станиќ
Живко Трајановски

Технички уредник
Зоран М. Гулевски

Лектура
Ангелина Николовска
Живко Трајановски

Фотографија
Ива Манова
Амел Амед

Во подготовката на некои страници учествуваа студентите од Њу Менс Бизнис Акцелератор Дона Мицковска (стр. 33), Елена Сарџоска, (стр. 28), Оља Групче (стр. 28, 33), ХристинаТрифуновска (стр. 29, 34), Стефан Алексиќ (стр. 29, 34), под менторство на проф. Сашо Соколовски



КАРПОШ ЌЕ СЛАВИ, ЧУВА И ПАМЕТИ -ВО ЧЕСТ НА ВЕЛИКИОТ ЈУРИЈ ГАГАРИН

По повод Денот на космонаутот Јуриј Гагарин, на Општина Карпош, свечено и беше предадено спомен – обележјето на првиот човек кој полета во вселената. Споменикот е донација од Амбасадата на Руската Федерација во Македонија, во заемна соработка со Градот Скопје.

На истоимената улица, која се наоѓа на територија на општина Карпош (спроти Министерството за економија) во паркот „Македонија“ е поставен монумент кој треба да го чува споменот на големиот херој и симболот на новата ера во космонаутиката, но и да привлекува голем број туристи, не само граѓани на Република Македонија, туку и од светот. Општина Карпош, која со овој свечен чин стана сопственик на ова значајно дело, презеде обврска во иднина да го одржува и да се грижи за него.

- Јуриј Гагарин, храбриот човек, стана синоним, не само на советската вселенска програма туку и симбол на човештвото, симбол на храброста и на победата, како и на желбата да се откријат нови простори. Во далечната 1961 година, леташе еден час и 48 минути околу орбитата и е првиот човек што ја напушти земјата и потоа се врати на земјината топка. Со тоа, тој отвори ново поглавје во светската историја, во развојот на науката и воопшто во човештвото. Многу ни е мило што ја имавме таа чест споменикот да ни припадне нам. За таа цел, на 24-та седница на Советот на Општина Карпош, на 28 ноември 2014 година, донесовме одлука споменикот да биде поставен токму овде, во непосредна близина на истоимената улица на територијата на општина Карпош, рече во своето пригодно обраќање првиот човек на Карпош, градоначалникот Стевчо Јакимовски. Споменикот, меѓудругото, натаму треба да ги поттикнува младите генерации на храброст и на желби за нови победи- истакна Јакимовски.

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски во името на сите граѓани на главниот град, им се заблагодари на донаторите на ова спомен-обележје, како и на сите инволвирани во проектот.

- Во деновите посветени на космонаутиката свечено го одбележуваме поставувањето на ова спомен-обележје за човекот кој е светски симбол за непостоење на граници на човечките достигнувања и можности.

Амбасадорот на Руската федерација во Македонија, Олег Шчербак, во поздравниот говор пред присутните го истакна задоволството што токму овој голем ден, посебно за рускиот народ, се овековечува со споменик на истоимена улица на територија на општина Карпош.

- Заедно го отвораме паметникот на истакниотот син на земјата, Јуриј Гагарин. Токму пред 54 години, на 12 април 1961 година почна новата ера во историјата на човештвото. Ера на освојување на вселенскиот простор. Од тој датум па наваму, човекот слета на Месечината, се подготвува за полетување на Марс, слетал во вселената. Но, пред се и пред сите, беше прв токму тој, Јуриј Гагарин. Храбар руски младич, со отворена душа, и како таков ќе се памети Гагарин. Им благодарам на градоначалникот Коце Трајановски и на градоначалникот Стевчо Јакимовски за активната помош во овековечувањето на сеќавањата на првиот космонаут во светот Јуриј Гагарин. Убеден сум дека овој споменик, подигнат во овој прекрасен парк, ќе не потсетува на силата и големината на човештвото – заврши Шчербак.

М.Г.



Почитувани сограѓани,

Во тукушто изминатите март и април, Општина Карпош стартуваше со годинешната „градежна офанзива“. Карпош прва од скопските општини и пред официјалниот старт на градежната сезона, почна со засилени инвестиции во областа на инфраструктурата. Од почетокот на годината почнавме со реализација на околу 50 инфраструктурни објекти од кои 20-тина резлициравме само во последните два месеци. Секако тука би ги издвоил оние за кои поголемите инвеститори и граѓаните сметаа дека се приоритетни за нив,а кои, се разбира, се дел од Програмата за работа на Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи, односно нешто што сме се нафатиле да го реализираме годинава. Едно од најголемите „градилишта“ ни беше изградбата на улицата Новопроектирана 1, онаа која ги поврзува фреквентните Бледски договор (покрај поликлиниката „Букурешт“ и булеварот „8-ми Септември“). Таа минува непосредно пред новата болница „Филип Втори“ и ќе биде од голема важност за комуникацијата во овој дел од Карпош. На неа изградивме атмосферска, фекална канализација, водоводна мрежа а завршивме и со асфалтирањето. Пред Деловниот центар Алумина со средства од буџетот на општината направивме нов паркинг за 50 автомобили а дополнителн паркинг простор добија и граѓаните од Козле позади Министерството за економија, како и вработените пред министерството каде што беше „тесно грло“ со оглед на тоа што тука честопати се паркираа ид граѓани од Центар бидејќи се на граница со нашата Општина, поточно на улицата Рузвелтова. Речиси да немаше урбана или рурална заедница во која не влеговме. Работевме на Алжирска, Њуделхиска, Анкарска, Римска, на Улица 6 во Бардовци,на Шехспирова, на Петар Драганов ... Повеќе млади сограѓани бараа да интервениране на ролерската патека и тоа го сторивме. Ги реконструиравме и пешачките патеки на Женевска, Есперанто , закрпивме неколку ударни дупки на улиците, како последица од зимскиот период и дузина други градежни зафати.

Сепак Општината не престанува да живее. А секојдневното живеење подразбира и други активности, култура, образование, забава, спорт. Се трудиме максимално секаде да сме присутни, колку тоа ни дозволуваат и финансиите и дневните агенди. Овој период имавме и засилена меѓународна соработка, при што стекнавме уште една братска општина, поточно се збратимивме со општината Лапта од Северен Кипар, потоа, наша делегација беше во збратимената општина Флори сир Орн во Долна Нормандија,, го испивме словенечкото утринско кафе во Интернационалниот клуб кој се наоѓа на наша територија .

Сепак како впечатливи настани би ги издвоил организирањето на уште еден успешен спортски турнир, „Опен Карпош 2015“ кој од година на година е помасовен и поуспешен, но сепак би рекол „предорје“ на големото Европско клупско првенство во шах кое е доверено токму на нашата локална власт, како докажан пријател на овој древен спорт и успешен реализатор на врвни шаховски манифестации.

Карпош доби и ново спомен обележје, донација на Руската амбасада во Македонија, а тоа е спомен плоча на првиот комонаут и „пионер“ во космонаутиката , граѓанинот на светот Јуриј Гагарин.

Во изминатиот период беше и големиот христијански празник, којшто Општината достојно го прослави, со убава мисла и грижа за своите сограѓани кои во мемонтот се на социјалните маргини, со мартовска дружба со осамените и низа други химанитарни активности.

Продолжуваме натаму со несмалено темпо!

Вашиот градоначалник, Стевчо Јакимовски



Изградба на улица „Новопроектирана 1“ која ги поврзува улиците„Бледски договор„ и бул.„8 Септември“

ГРАДЕЖНА ПРОЛЕТ ВО КАРПОШ

Општина Карпош, годинава, прва од општините „ја отвори“ својата градежна сезона. Едноставно времето не „бркаше напред“, улиците го „чекаа“ својот ред, инвеститорите се нестрпливи, а ние бевме подготвени час поскоро да им излеземе во пресрет. Уште неотворени асфалтните бази , без оглед на променливоста на временските прилики и честите дождови, Општина карпош почна да ги реализира некои од покрупните инфраструктурни проекти кои се во Програмата за работа на Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи. Меѓу позначајните објекти на кои се работеше во изминатите два месеци, би ги издвоиле изградбата на двата поголеми паркинг простори, и тоа оној на улицата Јурај Гагарин пред Министерството за економија и оној зад него. Тоа беше „невралгично“ место за паркирање на границата меѓу општините Центар и Карпош, што им создаваше доста главоболки на тамошните жители на нашата општина при паркирањето на сопствените возила.

Првиот паркинг напред е наменет за паркирање на 40 возила на вработените од Министерството, а тој одзади, за станарите на околните згради и неколку фирми кои ќе бидат со контролиран влез и излез.

Секако, исклучително голем зафат е и паркингот за 50 возила кај ТЦ „Алуминка“, но еден од најкруцијалните секако е изградбата на улицата Новопроектирана 1 која ги поврзува улиците Бледски договор и булеварот 8-ми Септември, веднаш пред новоизградената болница „Филип Втори“. За таа улица се се правеше од почеток и атмосферска и фекална канализација, асфалтирање приклучок кон водоводна мрежа... Секако, може да се издвои и реконструкцијата на улицата Илија Плавев во Козле, улица кон која гравитираат неколку помали и која е една од сообраќајниуте „артерии“ во Козле. Се разбира, има уште дузина сработени објекти во текот на изминатите март и април.

В.Ц.



Осветлување на улица „Новопроектирана 1“ која ги поврзува улиците „Бледски договор„ и бул. „8 Септември“



Поплочување на пешачки патеки на споредeн влез во ООУ „Димо Хаџи Димов“











Изградба на паркинг простор пред нов станбен објект во продолќение на паркингот пред ДЦ„Алуминка“



Реконструкција на улица „Илија Плавев“ во Козле

ВЕТЕНО
ОПШТИНА КАРПОШ
СТОРЕНО



Асфалтирање на улица „Козле 18“



Реконструкција на патека за ролери на кејот на реката Вардар



Нов паркинг простор на улица „Јуриј Гагарин“



УЧИЛИШНА ПРВОАПРИЛСКА ИЗЛОЖБА

Креативноста кај учениците од основните училишта на територија на општина Карпош, не згаснува. Напротив, таа е во подем, така што и за Денот на шегата, основците од десетте основни училишта, преку изработени маски и цртежи со маски, го одбележаа овој ден на смеата.

На изложбата „Училишна изложба-маски“, која беше во организација на Одделението за спорт и култура при локалната самоуправа, Марија Светиева, во името на градоначалникот и Општината, го пренесе задоволството од големиот број креативни и извонредни уметници кои се присутни во училиштата на Општината. Без нив, како што нагласи таа, оваа првоаприлска манифестација немаше да добива се поквалитетни содржини и да прерасне во традиционална.

На изложбата присуствуваа голем број љубители на уметнички дела кои можеа да видат реалистички и фантастични креации на маски и цртежи инспирирани со теми од Денот на шегата, 1 април. Исто така, уметничката манифестација беше “зачинета“ со поетските стихови на поетесата Лидија Јеремиќ, како и со прекрасните звуци на Викторија Митевска и волшебниот глас на Галина Кутсенко.



ЕКОЛОШКА АКЦИЈА НА ВОДНО

Претставници од Општина Карпош учествуваа во еколошката акција „За чисто и зелено Водно“, на 25 и 26 април, во организација на сопственикот на Радио Бубамара, Ранко Петровиќ. По повод, 20-годишниот јубилеј од постоењето на ова скопско радио, освен тоа што се одбележа со чистење и селектирање на пластични шишиња, кеси, конзерви и друг отпад, а музички дел имаа и најпопуларните ѕвезди во улога на шумски музичари, под мотото



„Да ја распееме природата“. Оваа акција имаше за цел да и се помогне на природата и да се овозможи што почист воздух да дишат граѓаните на Град Скопје, како и странските посетители кои се во сé поголем број. Зелено, чисто и пошумено Водно е од големо значење за секој граѓанин во главниот град. Акцијата беше поддржана од преставниците на Советот на општина Карпош, претседателот на Советот Сашо Лазаревски, секретарот Бојан Милошевски, шефот на кабинет, Петар Теов, како и граѓани, компании, еколошки друштва и рекреативци.

М.Г.



ВЕЛИГДЕНСКИ ТРПЕЗИ И ВО СОЦИЈАЛНИТЕ СЕМЕЈСТВА

По повод христијанскиот празник Велигден, Општина Карпош уште еднаш ги отвори вратите на солидарноста. На територија на Карпош, празнична помош добија 120 семејства во социјален ризик. Полните пакети со трајни производи и средства за хигиена ги направија среќни присутните жители на кои помошта од ваков вид им е од најголемо значење. Градоначалникот Стевчо Јакимовски им го честиташе големиот празник Велигден со надеж дека финансиските маки во најскоро време ќе бидат минато. – Ова е тринаесетта хуманитарна акција што ја прават граѓаните на општина Карпош за своите сограѓани кои се наоѓаат во потешка материјална состојба. Навистина, во општина Карпош има околу 180 социјално загрозени семејства на коишто им помагаме парично и со пакети коишто ги обезбедуваат и Општината и граѓаните во рамките на акцијата „Да бидеме хумани за нашите соседи“. На ваков начин се солидаризираме со сите наши сограѓани кои се наоѓаат во потешка материјална положба, со надеж дека ова е привремена ситуација за нивните семејства и дека ваквото тешко време ќе помине, а дотогаш мора да им се најде на помош локалната самоуправа. Во оваа пригода основна цел ни е да успееме велигденските празници сите граѓани од христијанска вероисповед да ги поминат со побогата трпеза – рече Јакимовски. Голем дел од хуманитарните пакети кои беа поделени во просториите на една од урбаните заедници во општина Карпош, ќе се поделат и во домовите на постарите лица, како и во домовите на хендикепираните жители на Карпош. Традиционалната акција се одржува три пати во годината, пред големите празници, како и за Денот на Општината, а се одвиваат во 14-те урбани заедници, пред поголемите супермаркети.

М.Г.





КАРПОШ СЕ ЗБРАТИМИ СО ОПШТИНА ЛАПТА-СЕВЕРЕН КИПАР

На 17 март годинава, градоначалниците на општина Карпош Стевчо Јакимовски и на општина Лапта во Северен Кипар, Фуат Намсој, свечено го потпишаа „Протоколот за збратимување“ меѓу овие две локални власти.

Во присуство на делегациите од двете општини, меѓу кои и претседателот на Советот на Општина Карпош Сашо Лазаревски и градоначалникот на Ѓонџели, Ахмед Бенли, двете братски општини ги преземаа обврските утврдени со овој Протокол кои се однесуваат на соработка во сферата на бизнисот, културата и спортот.

Исто така, изразена е добра волја и надеж за проширување на меѓуопштинската соработка и во други региони во оваа пријателска земја.

Општина Карпош досега е збратимена со Тиват, Стари Град-Сараево, Травник, Нови Београд, Сремски Карловци, Врњачка Бања и Триадица од Софија, а како последна, осма и општина Лапта.

В.Ц.



Соработка на Општина Карпош со Флори сир Мер, Долна Нормандија

КАРПОШ-ПРИМЕР ЗА УСПЕШНИ ПРОЕКТИ

Под слоганот „Регионот тоа сте вие“, во францускиот град Каен, на почетокот на април се одржа дводневното одбележување на една деценија соработка меѓу општините од Република Македонија и локалните власти во регионот на Долна Нормандија, Франција. Меѓу водечките во градењето успешни релации на повеќе полиња е и Општина Карпош која години наназад соработува со Општината Флери сир Орн. Делегацијата на Општина Карпош во состав Роберт Јанковски, Виолета Михајловска и Виолета Цветковска, ја посетија партнерската општина Флери сир Мер, каде со претседателот Марк Лекерф и тројцата заменици градоначалници задолжени за ресорите образование, детска заштита, култура и поддршка за побрзо пристапување на Македонија во Европската унија, истакна Ани Ан.

Највисокиот претставник од македонската делегација, заменик министерот за локална самоуправа во Владата на Република Македонија, Љупчо Пренџов, истакна дека десетгодишната соработка меѓу Франција и Македонија не е воспоставена само меѓу институциите, туку и меѓу самите граѓани. Над 40 институции, општини и организации во Македонија ја одржуваат таквата кооперативност, а Општина Карпош може да биде пример како меѓусебното содејство може да се издигне на највисоко ниво, за што има потпишано и Меморандум за соработка со општината Флери сир Орн.



спорт, разговараа за нови заеднички проекти кои ќе ги спроведат во наредниот период.

Во регионалниот совет на Долна Нормандија, се одржа пленарна седница на која беа претставени искуствата од досегашните делувања меѓу одделни општини и институции, невладини и други организации од двете пријателски земји. Госпоѓата Ани Ан, потпретседателката на регионот Долна Нормандија истакна дека соработката меѓу двете земји на ова ниво се роди од иницијативата на регионалните и локалните власти во двете земји. Досега се релизирани три тригодишни проекти: младите и нивната мобилност, човековите права и новите технологии, културата и регионалната соработка. Таа и натаму се шири и наоѓа нови простори за делување како што се комуникациите, решавање на конфликтите во 21 век и сл. Ваквото дејствување е засновано на реципроцитет, а соработката ќе добие поширок размери по 2016 година кога се очекува обединувањето на Долна и Горна Нормандија. Франција е подготвена да даде

-Партнерскиот однос кој се градеше досега со поддршка на градоначалникот Стевчо Јакимовски отвора нови хоризонти во размената на искуства и идеи и тоа во сферата на локалниот економски развој, културата и младите. Општина Берово ги пречекува гостите од Ливаро, а општината Велес ја посетија 30-тина деца од Шербур. На културен план соработуваат и Вевчани и Ерманвил сир мер, а градот Охрид и Каен подготвуваат стратегија за заштита на овој македонски бисер, на старото културно јадро, истакна заменик министерот Пренџов, кој напомена дека вакви партнерства развиваат и поетска Струга и Дебар. Како пример на успешно реализирани дваесетина проекти, беше посочен примерот на „Метаморфозис“, чиј директор Бардил Јашари ги објасни заедничките проекти околу зајакнување на локалното владеење и вклучувањето на информатичката технологија и комуникациските алатки во јакнење на капацитетите на администрацијата, почитувајќи ја приватноста и слободата на изразување. **В.Ц.**

СЛОВЕНЕЧКО УТРИНСКО КАФЕ



Амбасадорот на Словенечката Амбасада, Бранко Раковец со сопругата, беа домаќини на традиционалното утринско кафе на невладината „Добредојде Македонија – Welcome Center “ која веќе пет години функционира на територија на Општина Карпош. Пред многубројните присутни гости, од кои, во најголем дел претставници од дипломатскиот кор во Република Македонија, Емилија Аврамчева, основач и претседател на „Welcome Center-Macedonia “ им додели благодарници на градоначалникот Стевчо Јакимовски, амбасадорката на Србија, Душанка Дивјак - Томиќ и италијанскиот амбасадор во нашата земја, Ернесто Масимино Белели. Градоначалникот Јакимовски благодарницата ја доби за постојаната поддршка во работата на овој центар, а амбасадорката на Србија која е почесна претседателка на „ Добредојде Македонија Welcome Center “, Душанка Дивјак - Томиќ, за поддршката на функционирањето на оваа невладина организација. Италијанскиот амбасадор, Ернесто Масимино Белели е претседател и поддржувач на годинешниот хуманитарен базар наменет за децата кој во организација на оваа институција се одржува секој јуни во ГТЦ. Заблагодарувајќи се на признанието, првиот човек на локалната самоуправа Јакимовски, истакна дека ова е единствен проект од ваков вид во Република Македонија, во кој општина Карпош соработува со невладина организација. Со него локалната власт заедно со „ Добредојде Македонија Welcome Center “, се труди да го олесни престојувањето на сите резиденти во Македонија, особено оние кое што се во дипломатско-конзуларните претставништа. Поддршката од локалната самоуправа продолжува и не само со оваа невладина организација туку и со други организации како и амбасади, се со цел да имаат добар престој и да се видат гостопримствата и функционирањето на сите институции во државата, вклучувајќи ја и локалната самоуправа. Домаќинот на словенечкото утринско кафе, амабасадорот Раковец одржа поздравен говор и приреди видео презентација на сите културни, туристички и економски потенцијали на неговата земја.

В.Ц.



LAPLAST-M

Момин Поток бб
1000 Скопје, Македонија
Тел: +389(02) 3097 007
Моб: +389(070) 291 007
Факс:+389(02) 3095 800
мејл: info@laplast-m.com.mk



Разговор со Синиша Ристовски-татко на три деца

ДЕЦАТА СЕ ФОРМУЛАТА НА СРЕЌАТА

Децата се најголемото богатство што еден човек може да го има. Ништо на светот не е поважно од заемното разбирање на родителите и децата. Љубовта, хармонијата и почитувањето се само дел од епитетите кои ќе ги споменеме како карактеристични во едно семејство во Општина Карпош, каде растат три деца. Овие деца се причина родителите да се борат за секое поединечно и поеднакво, и за секое од нив да им се дава поддршка и љубов во секоја сфера од заедничкото живеење. Семејството Ристовски од населбата Козле се пример за тоа како едно многудетно семејство успева да се „справи“ со деца-адолесценти кои се во период на пубертет, а разлика од само 2,5 години. Сањин Ристовски, Паолина Ристовска и Лиза Ристовска, се деца на мајка и татко кои се гордеат со нив и се задоволни од она што се труделе да го произнесат од самите нив. Во разговор со таткото, Синиша Ристовски, правник и успешен стопанственик, а во оправдано отстуство на својата сопруга, Катарина Ристевска, професор по уметност, ја раскажа својата убава страна од животот и растењето на своите деца, па се до ден денешен.

-Чувството е прекрасно, тоа е неопишливо колку е неверојатно убаво да сте во улога на родител. Додека децата се мали, малку е тешко. Но, тој период помина лесно од причина што децата се воспитани, фини и немавме проблем додека беа мали, така ги навикнавме, да се грижат самите за себе. Сега, овој период како адолесценти просто ми е уживање додека комуницирам со нив. Дејствуваме заедно во однос на многу работи, дали тоа ќе бидат проблеми околу училиште, дома или било што. Чувството како родител е неопишливо, тоа ми беше интенција да имам големо семејство, бидејќи јас сум единец.. Тој факт натаму ми беше некоја водилка во замислата да имам многу деца – со насмевка на лицето, започна со својата незаборавна животна приказна Синиша-таткото на три деца, онака како што тој сакаше да го најавиме.

Блискоста на родителите со децата е најдрогоценото нешто што може еден родител да посака. Во семејстовто Ристовски, тоа се случува со години, од мали нозе па се досега.

-Премногу сум близок со моите деца, без разлика дали со машкото или женските. Имам две девојчиња и едно машко, се разбира сопругата предничи во некои работи, на пример кога станува збор за тема малку поинтимна, односно поблиска до нив. Сепак, знаат да прашаат за излегување, во односот со момчиња, иако срамежливо, но, сепак тоа за мене е толку симпатично. Не сакам да имаме табуа, ги во-

спитуваме и ги едуцираме онака како што сметаме дека е најдобро за нив, со тоа што тие одат на јазици, компјутери, музика, така што сакам да навлезам, односно да го предизвикам духовното кај нив, да им посочам каде да ја бараат духовната енергија.

Планирана иницијатива за збогатување на семејството, е патот кон три прекрасни деца. И покрај разликата од само 2-2,5 години по секое дете, Синиша и Катарина, тешко, но успешно се справиле со одгледувањето на своите најмили членови од семејството.

-Откако знам за себе, во период на пубертет, сакав, кога ќе се оженам да имам три деца и знаев дека моето прво дете ќе биде машко и веќе знаев како ќе се вика. Тоа беше одлука на 18 години. Тогаш ми беше смешно, но сонот стана реалност. Убавина е ки излети, претстави, кино, зимски и летни одмори. Неможам да речам дека во вакво семејство можно е да има некакви недостатоци, напротив само предности. Кога сум сам дома, се чуствувам како да сум целосно затворен. Ми недостасува нивниот жагор, полна куќа, ми недостасуваат најблиските. Ние така функционираме, интерактивно, така и учиме, еден од друг. На тој начин децата ги воведуваме на патот кон животот, кон успехот. Хармонијата е дел од сето тоа.

Децата од своето раѓање па до своето развивање се „тешки“ за одгледување. Мали деца, мали проблеми, големи деца, големи проблеми. За семејството Ристовски исто така, секој период од животот бил по малку тежок, негата при растењето на децата како и грижата за насочување кон вистинскиот пат.



кога има преплет на карактери, на 1.000 - зошто, па 1.000 - затоа, кога ме прашуваат „тато ова како, па зошто така тато“ и така натаму. Тоа за мене претставува задоволство како родител и ми ја полни душата. На седум-осум годишна возраст тие веќе знаеја да го читаат Чехов и Достоевски и беа запознаени со овие големи дела. Како родители, секогаш се трудевме и продолжува нашиот обид, а резултатите покажуваат дека сме на добар пат, едукацијата на самите деца да ни биде од големо значење, во самиот фокус, пред се за самите нив, па потоа за нас. Децата се огледало на семејството. Сатисфакција за секој родител е кога ќе види дека неговото дете нешто направило. Тоа што имам три деца, судир на карактери на однесување, за мене како родител е мотив да дадам повеќе.

Во семејство со различни карактери кое изобилува со смеа и среќни моменти, нема место за недостатоци.

-На начин на кој јас и мојата сопруга се обидуваме да дадеме се што е најдобро, во смисла на едукација, како и многу други работи, се разбира дека нема место за недостаток, туку напротив. Воопшто не ни е тешко, од проста причина што многу време посветуваме на нив. Посветуваме време на заеднички

„Секое дете е посебна приказна за себе, започнувајќи од исхраната па понатаму. Неверојатно големи спротивности се гледаат кај моите деца, но тоа е убавината во заедничкото живеење и функционирање“- задоволно истакна Синиша.

Секое семејство кое се стреми да влезе во „клубот на многудетни семејства“ не треба да размислува за оваа одлука. И покрај финансиската состојба, љубовта победува, се зборови на татко кој своите деца, заедно со сопругата, ги одгледале со многу љубов и неизмерна поддршка.

-Мислам дека во изборот за многудетно семејство, младите парови ги спречува економската состојба. Кога би имале услови, многу родители би се одлучиле на ваков чекор. Без оглед на ситуациите, и покрај тоа што можеби нема да има можности, сепак љубовта кон родителството и децата ќе победи.

Зголемување на наталитетот е од големо значење за Општина Карпош која важи за Општина која старее, според својата демографска структура. Примерот од семејството Ристевски доведува до непобитен факт дека децата се најголемото и најважното богатство за двајца родители. Неизмерна љубов, доверба, почит, мир и спокојство, се формулата за среќно и успешно семејство. **Мила Глигорова**



ДА НЕ СЕ ПОВТОРИ

Со проекција на едукативен, историски, ученички филм, како и со незаборавните стихови на Ана Франк, на пригоден начин, се одбележа Денот на сеќавањата на жртвите на Холокаустот – Јом Хашоа.

Трета година по ред, овој проект е во „вештите“ раце на организаторите од ООУ „Петар Поп Арсов“ од општина Карпош. Годинава во него се вклучија заинтересирани ученици од сите училишта од Карпош. Тие, неуморно работеа на настанот за сеќавањата на еврејските жртви, кои и на наши простори биле во огромен број.

Директорката на училиштето, Лела Николовска, изрази задоволство што веќе трета година, се повеќе ученици се вклучени во овој проект со извонредни пораки за мир и благостостојба во иднина за сите народи.

-Станува збор за Денот на Еврејската заедница, при што, целта е што повеќе да ги запознаеме учениците со тој дел од историјата за кој, сакаме да кажеме „Се случило, да не се повтори“. Целта ни е да ги вклучиме и новите генерации на ученици кои заеднички ќе ја испратат оваа порака и подалеку од Општината. Овој проект ги допира емоциите кај луѓето, а кога станува збор за емоција, за човечко страдање кое носи трауми, многумина сакаат да испратат вистински хуманистички пораки.

По повод Денот на шестмилионските жртви на Холокаустот, беше отворена и ликовна колонија на тема „Минатото неможе да се промени, но да не дозволиме да се повтори„. Координаторката на проектот, советничката од Карпош, Даниела Штерјова, беше искрено задоволна од заинтересираноста на основците за запознавање на историјата и настаните во Втората светска војна.

-Проектот е интересен бидејќи вклучува повеќе предмети на работење. Вклучени се англискиот јазик, историјата и ликовното образование. Во рамките на проектот децата дадоа многу изработки, а патем, реализираа и филм како резултат на едно долготрајно истражување на историјата на Евреите во Македонија. Станува збор за 7.144 луѓе коишто се убиени на најбрутален начин, а кои живееле тука. Ова што денеска се случува во нашето училиште, сметам дека треба да се преземе во многу повеќе училишта и вистината за Евреите да се прошири што пошироко.

Во чест на одбележувањето на Меѓународниот ден на Холокаустот, претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаревски, изрази задоволство што токму ова училиште веќе три години наназад е организатор на проектот.

- Се работи за сеќавања на жртвите од Втората светска војна, кога еврејските семејства биле носени во логорите. Општина Карпош секогаш ги поддржува ваквите настани. Се надевам дека ова веќе никогаш нема да се повтори и во иднина ќе имаме мир и спокојство, порача Лазаревски. **М.Г.**



НОВОГРАДБА
Останати се уште малку станови!!!
Секој стан е со паркинг место
Приземјето одговара за деловен простор:
канцеларии, ординации, амбуланта
Локација: Н. Козле,
спроти студентскиот дом „Гоце Делчев"

Инвеститор Лубриком
e-mail: lubrikom@t-home.mk
Тел: 070 204 457

Истражување на задоволството на младите во Општината



ВО КАРПОШ Е СУПЕР, САМО НИ ТРЕБА ПОВЕЌЕ ГЛАС!

Младите во Карпош живеат добро! Вака размислуваат младите на возраст од 15 до 29 години кои најчесто знаат да кажат "Карпош е најдобрата општина" и дека "не би се отселиле од него". Младите, сепак, се разликуваат во однос на асоцијациите што ги имаат за општината. Додека за помладите, (млади до 21 годишна возраст) прва асоцијација за нивната општина е градоначалникот Стевчо Јакимовски, Сити Мол и зеленилото, за постарите (над 21 година), е квалитетот на животот, тоа што населбите се мирни и се посветува внимание на сите, како и поради многубројните институции кои постојат. "Во Карпош има се што во една општина би требало да има."

Ова се дел од генералните заклучоци од неодамна спроведено истражување од страна на Ивана Петкуќеска кое се реализира во рамки на проектот "Формирање на локални младински совети" имплементиран од "Фондација Конрад Аденауер" во партнерство со "Младите можат" и "Вилфрид Мартенс Центарот за Европски студии – Брисел". Целта на истражувањето беше да се идентификуваат главните потреби и предизвици кои ги засегаат младите на возраст од 15 – 29 години во општина Карпош и тоа во различни области кои се во нејзина надлежност според Законот за локална самоуправа (2002 година).

Одговарајќи на дузина прашања врзани со живеењето во Општината, младите од двете испитувани фокус групи ги искажаа своите најискрени гледишта околу тоа што на локалната власт и е најсилна страна, кои и се слабите точки, како и тоа во која насока би требало да се движи општината во иднина. Притоа, образованото население се смета за најсилна страна, а недостатокот од паркинзи, читални и непланската урбанизација како најслаби страни.

И двете групи, како најсилна страна на општината го посочуваат населението, односно, високиот степен на едуцираност и култура, како и економската моќ. Од аспект на силни страни, помладите дополнително ги истакнуваа и многубројните спортски активности, додека постарите ги истакнуваа манифестациите, општинскиот весник и книготеката. Како слаби страни беа издвоени недостатокот на паркинг места и читални, додека младите над 21 година, како недостаток го издвојуваат губењето на маалскиот живот поради отстранувањето на клупите од школските дворови, кои предходно служеле како место за социјализација на младите, ситуација која е посебен резултат на брзата и непланска урбанизација.

Иако младите беа во можност да идентификуваат и да дискутираат за проблеми и предизвици со кои се соочуваат во различни области од надлежност на локалната сампуправа, сепак, сите (15-21 година) се согласуваат дека четири проблеми и потреби се најприоритетни:

Години
Младите
Можат

Здружение на граѓани Младите можат
+389 (02) 6130 709
info@youthcan.org.mk
https://www.youthcan.org.mk/
ул. Христо Смирненски бр. 11, 1000 Скопје

Konrad Adenauer Stiftung

Wilfried Martens Centre for European Studies

- Отварање на департизиран младински локален клуб и вклучување на младите во креирањето на општински политики кои ги засегаат;

- Спречување на понатамошното непланско урбанизирање, односно изградбата на нови и неквалитетни згради на несоодветни места;

- Преземање на мерки со цел да се намали загаденоста, посебено на воздухот;

- Преземање на иницијативи со цел да се намали невработеноста, за којашто се смета дека дополнително придонесува кон стареење на населението во општина Карпош, бидејќи младите се повеќе се иселуваат. Од овој аспект може да се искористат идеите набројани во категоријата Локален економски развој.

Младите од Општина Карпош беа едногласни и гласни за потребата од постоење на младински клуб, преку кој би имале можност да се вклучат волонтерски во работењето на општината, да се дружат и да ги пренесуваат своите идеи и иницијативи на вработените во општината, со цел подобро да се адресираат нивните потреби. Тие сметаат дека општината треба да овозможи отворање на Младински локален клуб, но истовремено да се дистанцира од него, со цел истиот да не се партизира. Тие сметаат дека во клубот не треба да има претставници од ниту една политичка партија, а општината, во него, може да организира трибини, дебати, обуки, курсеви и други форми на едукација, да се делат промотивни материјали, младите да испраќаат предлози и поплаки, да се организираат фокус групи со млади во кои ќе се детектираат проблеми, или да се договараат конкретни акции: на пример собирање отпад или реализација на конкурси за најдобри идеи. Преку овој клуб, општината би можела да информира за активностите кои следат и кои се важни за младите.

Учесниците особено беа задоволни што беа повикани да ги искажат своите проблеми и идеи за нивно решавање и во многу наврати нагласија дека би биле задоволни и би било многу позитивно за општината и за позицијата на младите во неа, доколку таа организира фокус групи и дискусии со млади со цел да ги чуе нивните потреби, критики и идеи за подобрување. Младите, патем, посочија дека сакаат намалување на бучавата, повеќе зеленило и паркови за кучиња, повеќе корпи за отпадоци на Кејот на Вардар,да добиваат повеќе бизнис консултантски услуги, да учествуваат во избор на музика и музичари на културните настани. Да имаат посебно одвоени простори за графити, за да не се чкртаат зградите и слично.

В. Цветковска

САКАМ ДА БИДАМ...

Селектирај го отпадот од производите што ги користиш секој ден и фрлај го во соодветните канти за хартија, пластика, стакло или лименки.
Само ако ѝ помогнеме на амбалажата што има минато да има и иднина, ќе ја заштитиме природата.

СЕЛЕКТИРАМЕ И РЕЦИКЛИРАМЕ ЗАЕДНО!



ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

GREEN DOT ЕКСКЛУЗИВНА ЛИЦЕНЦА НА ПАКОМАК ЗА МАКЕДОНИЈА

За квалитетно и хармонизирано домување

ПОДГОТОВКА НА РЕГИСТАР НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ И УПРАВИТЕЛИ

На почетокот на април 2015г. Хабитат Македонија и општина Карпош започнаа со собирање податоци за регистар на станбени згради и регистар на управители, како и податоци за основните градежни и енергетски карактеристики на станбениот фонд во општината. Оваа комплексна активност се спроведува во рамките на проектот на УСАИД и Хабитат Македонија за енергетска ефикасност за секторот домување, каде посебен акцент е ставен на унапредување на квалитетот на домувањето во колективни станбени згради.

Воспоставување и редовно водење на регистар на станбени згради и регистар на управители на станбени згради е обврска на единиците на локалната самоуправа која произлегува од Законот за домување, но за жал до сега не е воспоставено како редовна пракса во речиси ниту една општина.

При спроведувањето на активностите за енергетско ефикасно обновување на станбените згради која Хабитат Македонија во 2009 г. ги започна со општина Карпош, а денес се спроведуваат на целата територија на Република Македонија, се соочуваме со недостаток на релевантни податоци за станбените згради, начинот на нивно управување, состојбата во која се наоѓа зградата и основните градежни и енергетски показатели (број на катови, димензии на зградата, состојба на покрив и фасада, и др.).

Евиденцијата на станбени згради која тековно се спроведува во општина Карпош како една од трите пилот општини (другите две се Аеродром и Чаир) треба да резултира со подготовка на база на податоци од која ќе може да се подготви регистарот за станбени згради и регистарот на управители, согласно законските одредби. Воедно, базата на податоци ќе содржи и информации за основните градежни и енергетски карактеристики на станбените згради кои ќе можат да се користат од страна на општината, градежните фирми, станарите, инвеститорите и други заинтересирани страни во обезбедувањето на квалитетно и хармонизирано домување во колективните згради.

Љупчо Димов









Годишна конференција и Генерално собрание 2015 КЛИМАТСКА АЛИЈАНСА

КАРПОШ НА „ЗЕЛЕНАТА АЈФЕЛОВА КУЛА“ НА КЛИМАТСКАТА АЛИЈАНСА



И оваа година, Општина Карпош учествуваше на годишната меѓународна конференција на Климатската алијанса која се одржа во Дрезден, Германија, од 22 до 25 април 2015 година. Темата на годишната конференција беше: Развојот на Европа (Developing EUROPE) - Обезбедување на локални енергетски резерви.

На Конференцијата беа искажани многу позитивни заклучоци за напредокот во воспоставувањето на регионални врски меѓу поединечните членки на Климатската алијанса, која брои над 1.700 членови. Како рамноправна членка, Општина Карпош го даде својот „зелен глас“ за новата годишна Програма на Алијансата , заедно со останатите учесници на Конференцијата.

Во контекст на еколошките постигнувања, практики и примена на законската регулатива во заштитата на животната средина, општина Карпош се најде на завидно место на импровизираната Ајфелова кула која беше претставена на Конференцијата.

Таа ја симболизираше „пирамидата“ на успехот на одделни членки на полето на заштитата на животната средина и енергетската ефикасност меѓу останатите членки, градови и локални власти, со што се потенцираше и нашата позиција во однос на останатите.

Општ впечаток беше дека нашата општина предничи во однос на заштита на животната средина пред многу европски градови и општини. Општина Карпош, на годишната меѓународна конференција и Генералното собрание на КЛИМАТСКАТА АЛИЈАНСА 2015-Дрезден, Р. Германија беше претставувана од вишиот соработник во Секторот за заштита на животната средина и природа, дипл. инг. Јован Цветаноски, кој во името на Општината ги пренесе сите позитивни искуства што ги има во оваа сфера и задоволството од нивото на досегашната и идната соработка со Алијансата.

Климатската алијанса на локално ниво стана движечката сила за европската енергетска безбедност. Во текот на 2015 година, Климатската алијанса ќе ја прослави 25 годишнината на заедничките климатски акции кои ги презема со своите членки. Во оваа исклучителна пригода беше нагласено дека во иднина локалните власти ќе имаат централна улога во сферата на енергетската ефикасност, истовремено истакнувајќи ја вклучително, и нивната улога во меѓународните климатски процеси.

Јован Цветановски



Адреса: Никола Парапунов бр 3А
(дтц. Карпош 4)

Телефон: 075 86 99 44
www.artballet.com.mk

e-mail: tamara@artballet.com.mk
Facebook: Art Ballet - Skopje



Art Ballet
ballet school

ДЕН НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА



КАРПОШ И ЦРВЕН КРСТ ГО ПОДДРЖАА „60+“

По прв пат, Општина Карпош заедно со младите волонтери од општинската организација на Црвен Крст „Карпош“ се вклучи во акцијата „Часот на планетата земја“. Оваа акција во Македонија е дел од акцијата организирана од Светскиот фонд за природа (WWF) која има еколошки карактер. За таа цел, во траење од еден час, во Општина Карпош беа исклучени три поголеми плоштади заедно со неколку околни сервисни улици: Плоштадот во Карпош 3, на кој има 15 светилки, заедно со околните улички на кои беа исклучени вкупно 50 светилки, Плоштад – Плато кај Млечен ресторан со 80 светилки, или, заедно со околните улици, вкупно 120 светилки и Плоштадот во Влае „Делфина“ на кој беа исклучени вкупно 57 светилки. -Во соработка со Општина Карпош се приклучивме во организацјата на акцијата со наши 30-тина волонтери од Црвениот Крст при општинската организација на Карпош. Ние поставивме свеќи во форма на официјалното лого на светската кампања „60+“ на плоштадот „Делфина“. Сето тоа е со заедничка цел: да ја заштитиме планетата земја од климатските промени - рече Марија Стојкова волонтер во Црвениот Крст „Карпош“. Најголемиот бенефит од ова исклучување во рок од еден час го има најмногу планетата земја со едноча-совната заштеда на електричната енергија, односно со желба преку поголема енергеската ефикасност да го достигне својот максимум во рационализација на трошењето енергија. Во акцијата се вклучија и дуќанциите на платото кај Млечен ресторан кои ги исклучија своите реклами. -За овој еден час, планетата земја заштеди милиони киловати електрична енергија. Во таа заштеда свој придонес имаме и ние како локална власт. Заштедата од 30kW ја добивме од исклучувањето на светилките на сите три плоштади каде веќе имаме поставено штедливи светилки. Со тоа, и ние како општина заштедивме двојно повеќе, изјави Дејан Јонузоски од Одделението за енергетска ефикасност.

И. Манова

ДЕТСКА ПОРАКА ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА

Со порака за мир и почиста околина, децата од претшколска возраст од градинката „Распеана младост“, ги вивнаа во височина шарените балони во знак на „Денот на планетата Земја-22 април“. Секоја година, оваа градинка е дел од овој „празник на мирот“ со различни активности. Оваа година, децата садеа шарени цвеќиња во дворот на својата градинка и беа дел од „Цветната патека на мирот.“

-Оваа година, гостин на децата од „Распеана младост“ беше уметникот Живко Поповски – Цветин. „Денот на планетата земја“ беше одбележан со неговата цветна патека на мирот, што ја подготвува со сите останати основни училишта и други институции, која како активност почна уште на празникот Цветници.



ГРАДИНКАТА „ПРОЛЕТ“ НАПОЛНИ 50 ГОДИНИ

Веќе 50 години во предучилишната установа „Пролет“, која се наоѓа на територија на општина Карпош, се слуша детски џагор, смеа и песна. По повод 50 годишното постоење на градинката, најмалите дечиња, од трите градинки кои спаѓаат под клонот „Пролет“, се здружија и со естрадна претстава и музичка точка, како и со спортски активности, ги поздравија и им посакаа добредојде на своите родители и сите присутни на свеченият роденденски ден. Оваа градинка, се стреми кон заедништво, дружба и човечност. Ова се само дел од едукативните активности кои воспитниот тим во градинката ги реализира со секое дете. Под мотото „50 години растеме низ игра“, градинката „Пролет“, токму во годишното време пролет, го прослави јубилејот и на тој начин покажа дека во градинката „Пролет“ цутат само доблести и е секогаш најубаво и највесело. Директорката Вита Јаковлевска посочи дека градинката е многу важна за развојот на едно дете и дека тука, токму во оваа градинка, ги има сите потребни услови за правилно растење на најмладата популација.



ЈУБИЛЕЈНИ 60 ГОДИНИ НА ООУ „ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ-КАРПОШ“

Под мотото „Добредојдовте во царството на знаењата“, ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ го одбележа својот 60- годишен јубилеј. Првачињата, со музички настап на почетокот од манифестацијата ја „разнежниja“ публиката која со громогласен аплауз ги поздравиа и им даде целосна поддршка на малите креативци. Химната на училиштето „Царство на детството“, беше изведена од две поп пејачки Јана и Милена, придружени од училишниот хор. На патрониот празник, кој беше исполнет со музички точки, смеа и песна, учениците и целиот тим од училиштето, не го заборавија својот соученик, прерано загинатиот другар кој остави длабока трага во срцата на другарчињата и наставниците. Директорката на училиштето Христина Борисова го пренесе задоволството што се навршуваат 60 успешни години од работењето на основното училиште кое го носи името на великанот Христијан Тодоровски Карпош, а низ кое поминале илијадници образовани деца. Таа, со огромна благодарност на најголемиот поддржувач на настани од секаков вид, Општина Карпош, на градоначалникот Јакимовски му врачи благодарница за успешна соработка во изминатиот период. На крајот од роденденската манифестација, во знакот на патрониот празник се разлеаја шарени балони за 60-те исполнети години со деца во ова општинско основно училиште.





ООУ „ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“ ГО ПРОСЛАВИ 51. РОДЕНДЕН

На пригоден начин, училиштето од Општина Карпош, кое го носи името на основоположникот на педагошките идеи во светот Јан Амос Коменски, го прослави својот 51-ви роденден. Патрониот празник на ова училиште заеднички го чествуваа учениците со своите наставници, со кои неуморно, преку целата година, работеа и постигнуваа резултати во спортот, уметноста, образованието. Во присуство на градоначалникот Стевчо Јакимовски, заменик амбасадорот на Чешката Амбасада во Скопје, наставнички кадар од збратимените училишта и голем број родители, директорката на ООУ „Јан Амос Коменски“, Емилија Арсовска се заблагодари на присутните и на учениците инволвирани во проектот по повод патронатот на училиштето. - Оваа година во училишните клупи седна 51-та генерација првачиња. За сето ова време училиштето се развива, расте и постигнува видливи успеси. Не е случајно што нашето училиште го носи ова име на Јан Амос Коменски кој е „автор“ на учебната година, распоредот на часови, го измислил летниот и зимскиот распуст и врз чии темели почива образовниот систем, рече Арсовска. На празникот на училиштето, се обрати и заменик амбасадорот на Чешка, Јозеф Брош, на течен македонски јазик. - Чест ми е што денеска сум со вас и што сум дел од овој голем настан. Сигурен сум дека сите ги знаете делата на Коменски. Задоволство ми е што на оваа свеченост, амбасадата на Чешка, во просториите на ова училиште ја презентира изложбата „Замоци на Република Чешка“ и споменици на УНЕСКО во Република Чешка. Се надеваме дека ќе успееме уште повеќе да ви ја доближиме Република Чешка и нејзиното културно наследство, историско богатство и природните убавини. Училиштето е изградено далечната 1963 година како подарок од Република Чехословачка. По говорот, директорката Емилија Арсовска му врачи признание на чешкиот дипломат за нивното огромно залагање и воопшто за соработката со ова училиште. Градоначалникот Јакимовски ги поздрави присутните гости и им го честиташе овој голем ден за училиштето, од кое се излезени голем број видни граѓани на Република Македонија. Тој, исто така, доби признание за досегашната поддршка на локалната власт на ова општинско училиште.

М.Г.

СЕ ЗА ВАШАТА ГРАДИНА

Тел. 02/ 3063 190
www.feroelektro.mk

MTD



Карпош Комуницира

ИНТЕРНЕТ

ТВИТЕР КРВОДАРИТЕЛНА АКЦИЈА
Ја поддржавме хуманоста на твитер заедницата



До Ре Ми @Glevskaaa · Apr 22 View tran
Благодарност и до @OpstinaKarpos за поддршката #Крводарители

Zoran Janev SEKOJA CHEST ZA EDINSTVENIOT POLITICHAR shto se grizhi za shahot vo MKD
Like · Reply · 16 March

Vasko Kostov РЕСПЕКТ МОЈ ГРАДОНАЧАЛНИКУ РЕСПЕКТ ЗА МЕНЕ СИ ГОЛЕМ ЧОВЕК ГОЛЕМ ДРУГАР ГОЛЕМ КОМШИЈА РЕСПЕКТ СТЕВЧО

Sandra @alexhris · Apr 16 View translation
.@gradskopje1 кејот од кај Жабарот до Градска плажа е црна темница; не можеме да тренираме за #Скм2015 ако може светло? фала однапред.

@LittleLadylda @alexhris @gradskopje1 ние го одржуваме делот за осветлување покрај кеј од А.Палас до мостот „Обединети нации" 1/2

@LittleLadylda @alexhris @gradskopje1 поточно до железниот мост во Нерези, бидејќи почна „шетачката" сезона ветуваме дека секој ден ќе го

@LittleLadylda @alexhris @gradskopje1 ќе го одржуваме осветлувањето. Делот од Жабарот до А.Палас навистина не е во наша надлежност

Изработила: Ива Манова

www.karpos.gov.mk

ИВАН ИВАНИШЕВИЌ-ПОБЕДНИК НА „ОПЕН КАРПОШ 2015“

Во присуство на врвни шахисти, гости од целиот свет, на 27 март започна традиционалниот шаховски спектакл „ Опен Карпош 2015“. На петтиот по ред, грандиозен шаховски турнир, се натпреваруваа околу 250 велемајстори, интернационални и ФИДЕ мајстори од 25 земји од светот. Меѓународниот турнир во шах повторно беше во организација на локалната самоуправа и шаховскиот клуб „Гамбит Ассеко СЕЕ„,

- Квалитетот на турнирот продолжува да расте, изјави на свеченото обраќање првиот човек на Општината, Стевчо Јакимовски, коЈ вети дека локалната самоуправа ќе продолжи со негова се поголема афирмација.

-Мило ми е што за овој шаховски турнир има интерес не само во Република Македонија туку секаде во Европа и во светот – рече Јакимовски, при што, посебно го поздрави гостинот од Бразил кој дојде дури од Латинска Америка за да учествува на овој значаен турнир. На турнирот се обрати и претседателот на Македонската шаховска федерација, Благоја Богоевски, кој се заблагодари за учеството на голем број мајстори на мисловната игра, и патем искажа огромна благодарност за организацијата на овој настан од страна на една од најспортските општини на територија на главниот град. Натпреварувањата траеја сé до 3 април.

Шаховските вештини и знаења, шахистите ги прикажаа во девет кола, секој ден од 9.30 до 17.30 часот. Љубителите на древниот спорт, имаа можност да го следат турнирот на нашата општина на www.chess-results.com, а делот од Live games се следеше и на www.gambit.com.mk. Наградниот фонд за шаховскиот турнир изнесуваше 16.000 евра, а за најдобриот шахист за оваа година беа обезбедени 2.500 евра.

На 4 април, на свеченото затворање беа доделени и големите признанија и награди за најуспешни-





те шахисти на годинешното издание на Опен Карпош. Битката за најдобар шахист оваа година, на традиционалниот шаховски турнир „Опен Карпош-2015“, заслужено ја доби познатиот шахист Иван Иванишевиќ од Србија. Решавачката битка за влез во потесниот круг, Иванишевиќ ја одигра со веле мајсторот Зденко Кожул кој е врвен шахист на бившите ју- простори.

Шаховската табла на која, по осумдневна возбудлива борба се одиграа мечеви за пометење, свечено ја „затвори“ Градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски ги додели освоените награди на следните победници од категоријата редовни награди: Иван Иванишевиќ од Србија со освоени 7 ½ поени, Владислав Ткачиев од Франција, Муртас Кажгалејев од Казахстан, Роберт Маркус од Србија, Зденко Кожул од Хрватска, Александар Фиер од Бразил, Кирил Георгиев од Бугарија, Милош Перунович од Србија, Бранко Дамјановиќ од Србија за освоени 7 поени, како и на Тамир Набати од Израел, Петар Араноудов од Бугарија, Филип Панчевски од Македонија, Лучиан-Гостин Мирон од Романија, Мартин Креамер од Германија за освоени 6½ поени. Од македонските шахисти најдобропласирани беа Влатко Богдановски и Трајко Недев со освоени 6 поени како и Звонко Станојоски со освоени 5 ½ поени.

Мила Глигорова

МАРТИНИ
КАФЕ БАР
www.martinicaffe.mk

ENRIKO
pizza & pasta



@Goran_Man

Прво е јајцето, пошто до сега не се десило некој да фарба кокошка за Велигден.

@Mnemosynee_

во сите очи има галаксии, само во некои ја наоѓаш смислата на универзумот.

@EStavrevska

ни се потроши „било и полошо“-то.

@zone0205

Им се смеев на дебелите, се здебелив.
Им се смеев на ќелавите, почна коса да ми паѓа.
Од денес почнувам да им се смеам на богатите.

Кога си во погрешен автобус, сите станици водат на погрешно место. Така и со луѓето.

@Shushmula

@Ugursuz_7

- Која генерација си?
- Онаа што памти дека постоеше пролет.

@teget_chorapa

Колку ми недостигаш не знам да ти објаснам, ама дојди, знам да ти покажам.

Муабет вчера со еден Енглез у Бугарија, вика колку е просечна плата у Македонија ако не е тајна? Тајна е брат, остај...

@darjanr

@TheFitzzz

Као копиљ на екскурзија Љубљана наставничката ми рече: "Ако закасниш пак, ЌЕ ТЕ ОСТАВИМЕ ОВДЕ..." и ден денес жалам зошто не закаснив !



@Ugursuz_7

Нарцис на доктор:
- Дечко вашата крвна слика е одлична.
- Еее ти да ми ја видиш профилната каква ми е.



Изработила: Ива Манова

ОЛИМПИСКИОТ ДУХ НА КАРПОШ

Општина Карпош годинава е домаќин на најмасовната спортска манифестација во Македонија во 2015 година – IX-те Државни спортски игри за основни училишта – „Мали олимписки игри Кар-пош 2015“.

Младите олимпијци низ напорен систем на ква-лификации, успеаја да се изборат за учество на финалните натпревари во кошарка, ракомет, одбојка, фудбал, футсал и атлетика. Се разбира, со несебична помош на нивните наставници-тренери, соученици и семејства. На Карпош пак, како организатор и како надалеку позната спортска локална власт и припаѓа гордоста и честа да биде организатор на оваа голема спортска манифестација која ќе се одржи од 14 до 16 мај годинава, на неколку спортски локации во Карпош.



Се надеваме дека низ фер игра и спортско навивање, титулите ќе ги понесат најдобрите. Од младите спортисти очекуваме да прераснат во нови ѕвезди на македонскиот спорт кои еден ден ќе ги заменат Кире Лазаров, Стефче Алушевски, Индира Кастратовиќ, Перо Антиќ, Тодор Гечевски, Врбица Стефанов, Владимир Гоговски, Александар Тасевски, Никола Ѓорѓиев, Дарко Панчев, Горан Пандев, Артим Шаќири и многу, многу други.

Се разбира дека на секој натпревар на крајот има и поразени, но и на поразените сакаме да им порачаме дека учеството на Малите олимписки игри е само по себе победа.

Ваквите манифестации се и место за создавање на нераскинливи пријателства помеѓу младите, кои секогаш се придружени со силни емоции, во надеж дека убавите спомени од овие дружења нема никогаш да избледат, а пријателствата ќе траат уште многу долго.

Општина Карпош и Организациониот одбор на МОИ ќе се обидат да ги обезбедат сите услови за овие игри да бидат најдобро организирани игри во изминатиот период.

На тој начин сакаме го подигнеме стандардот на организацијата на овие, според многумина, најзначајни спортски манифестации со учество на околу 1000 млади спортисти и да им создадеме обврска на следните организатори да го одржуваат високото ниво на организација.

На крајот, сакаме да ви посакаме пријатен престој и успешно натпреварување на Малите олимписки игри Карпош 2015.

ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР

Претседател,

Проф. д-р Зоран Т. Поповски



ТЕНИСКА УЧИЛИШНА ЛИГА ВО КАРПОШ

Општина Карпош, за првпат оваа година, заедно со тенискиот клуб „Фан тенис клуб“, организира тениска училишна лига меѓу учениците од училиштата на нејзина територија. Лигата во сè попопуларниот „бел спорт“ ќе трае во текот на целата година, а натпреварите ќе се одвиваат секој вторник и четврток на тениските терени, веднаш до вештачката Алпинистичка карпа на Кејот на реката Вардар.

Во натпреварите, засега учествуваат ученици од осум основни училишта на територија на Општината и тоа: ООУ „Вера Циривири Трена“, ООУ „Јан Амос Коменски“, ООУ „Војдан Чернодрински“, ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“, ООУ „Петар Поп Арсов“, ООУ „Димо Хаџи Димов“ и приватното основно училиште „Јахја Кемал“ кое се наоѓа на територија на нашата локална самоуправа. Инаку, лигата е „отворена“ за нови заинтересирани вљубеници во овој спорт, и во текот на годината ќе можат да се пријават деца-тенисери и од другите основни училишта.



АТЛЕТСКИ КРОС ВО КАРПОШ

На традиционалниот атлетски крос, кој е во организација на Општина Карпош и Одделението за спорт и култура, учествуваа ученици-атлетичари од шесто до деветто одделение од десетте основни училишта од Општина Карпош. Оваа година учествуваа околу 300 натпреварувачи, а одзивот на основци-спортисти секоја година е сé поголем. Оваа бројка покажува колку младите жители на Карпош имаат во себе спортски дух и талент. Седмиот по ред атлетски крос, кој се одржа кај Амфитеатарот на кејот на реката Вардар, се одвиваше во повеќе категории. На најдобрите тројца атлетичари од сите категории, претседателот на Комисијата за спорт во Советот на Општина Карпош, Давор Грче им ги подели дипломите и пехарите и им посака уште многу вакви награди и полни полици со спортски пехари. Ова се победниците:



6-то одделение (девојчиња) 150 метри:
Џејљан Мифтари – ООУ „Братство“

6-то одделение (момчиња) 200 метри:
Муамед Рамизов – ООУ „Аврам Писевски“

7-мо одделение (девојчиња) 200 метри:
Златица Начевска – ООУ „Владо Тасевски“

7-мо одделение (момчиња) 250 метри:
Давид Наумоски – ООУ „Аврам Писевски“,

8-мо одделение (девојчиња) 250 метри:
Анита Јовановска – ООУ „Лазо Трповски“

8-мо одделение (момчиња) 300 метри:
Ализ Алитов – ООУ „Аврам Писевски“

9-то одделение (девојчиња) 300 метри:
Марија Кузевска – ООУ „Димо Хаџи Димов“

9-то одделение (момчиња) 350 метри:
Бесар Мехмети – ООУ „Братство“

ИВАНА МАНОВА НАЈДОБРА ШАХИСТКА ВО УЧИЛИШТАТА ВО КАРПОШ

Со т.н „големо финале“ за учениците од VI do IX одделение во ООУ„Јан Амос Коменски“ во Карпош, заврши годинешната училишна лига во шах која традиционално ја организира Општина Карпош. Првото место во шах во училишната шаховска лига за учебната 2014/2015 година го освои осмооделенката Ивана Манова од ООУ„Војдан Чернодрински“, второто му припадна на Ристе Јовчев од деветто одделение од ООУ „Димо Хаџи Димов“, а третото место на Лазар Петровиќ исто така ученик на „Димо Хаџи Димов“. Со финалето во шах за учениците од помалите класови, всушност се заокружи големиот шаховски турнир за децата од основните училишта од територијата на Општина Карпош за оваа година.



КИРИЛ КОЧЕВСКИ –НОВ МЛАД ШАХОВСКИ ПРВАК ВО УЧИЛИШНАТА ШАХОВСКА ЛИГА ВО КАРПОШ

Кирил Кочевски, Зубеир Бајрами и Кирил Николовски се новите победници на училишната шаховска лига во Општина Карпош за учебната 2014/2015 година. На 12 март , во ООУ „Јан Амос Коменски“ се одржа финалето на Лигата во шах меѓу десетте основни училишта во Карпош на кое учествуваа 120 деца од прво до петто одделение (мала возраст). Турнирот кој е во организација на локалната самоуправа и Шаховскиот клуб „Гамбит-Asseco SEE“ во оваа прва завршница, беше организиран во две елиминаторни кола, од кои, од 120 деца во финалето влегоа 31 ученик кои се натпреваруваа во поединечна конкуренција. Кирил Кочевски и Зубеир Бајрами, петтооделенци од приватното училиште „Јахја Кемал“ го освоија првото и второто место во овогодишната лига за најрана возраст, а најмалиот Кирил Николовски, првооделенец од ООУ „ Димо Хаџи Димов“ го освои третото место.





„КОМЕНСКИ“ НА КОШАРКАРСКИОТ ПИЕДЕСТАЛ ВО КАРПОШ

Младите кошаркари од ООУ „Јан Амос Коменски“, без ниту еден пораз во цело првенство, се новите шампиони во кошаркарската лига на Општина Карпош.

Во крајно неизвесен натпревар, охрабрени од громогласната навивачка публика, момчињата на ООУ„Јан Амос Коменски“ со пресврт против екипата на ООУ „Владо Тасевски“ го освоија шампионското место, во училишната лига во која досега суверено доминираа.

Со резултат од 40:35, тие во финалето успеаја да го победат својот ривал.

Нивниот тренер Марјан Угриновски во оваа пригода изјави дека по толку години, чуството да се биде прв е прекрасно.

-Цела година бевме први во лигата без ниеден пораз, но, сепак на крајот малку ни беше потешко во финалето. Задоволен сум од децата, дадоа се од себе, сите се бореа и сосема заслужено победија.

Третото место во училишната кошаркарска лига го освои екипата на ООУ„Лазо Трповски“ против ООУ„Петар Поп Арсов“ во натпревар при нивно постојано водство и со краен резултат 43:22 кошеви.

Пред натпреварот за трето место се одигра натпреварот за највешт играч со топка каде што првото место го освои Павел Стојоски (ООУ„Владо Тасевски“), второто му припадна на Матеј Налетоски (ООУ„Петар Поп Арсов“) и третото на Патрик Коршул (ООУ„Лазо Трповски“).



Пехарите и медалите за најдобрите ги додели градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, и тоа за тројцата најдобри млади кошаркари годинава: најдобар играч Јован Божиновски од ООУ„Јан Амос Коменски“, најдобар стелец Христијан Ангелов од ООУ „Вера Циривири Трена“ и за најталентиран играч Андреј Ангелковиќ од ООУ„Лазо Трповски “на кои, како што изјави градоначалникот на Карпош, ќе им бидат доделени, осуммесечни стипендии од по 6.000 денари, еднократна награда од 6.000 денари како и гостување од 11 до 14 јуни во збратимената Општина Тиват кадед сите првопласирани и најдобрите индивидуалци исто така ќе играат натпревари.

„ПЕТАР ПОП АРСОВ“ ШАМПИОН ВО ОПШТИНСКАТА ОДБОЈКАРСКА ЛИГА ЗА ДЕВОЈЧИЊА

Громогласниот аплауз во спортската сала „Форца” денеска придонесе за прекрасна навивачка атмосфера во уште поубавото финале во одбојка за девојки во рамки на училишната лига во Карпош. Во крајно неизвесен финален натпревар екипата на ООУ „Петар Поп Арсов“ го понесе златниот пехар во дуелот со ООУ „Владо Тасевски“.Одличната игра придонесе до прекрасна славеничка атмосфера, громогласни аплаузи и овации, а не изостанаа да се слушнат ниту многубројните навивачки песни. Во натпреварот за трето место славеше екипата на ООУ„Димо Хаџи Димов“ со резултат од 2:0 во сетови совладувајќи ја екипата на ООУ„Аврам Писевски“. Турнирот беше организиран од Одделението за спорт при Општина Карпош чии претставници им ги врачија дипломите и пехарите на победниците на овогодинешниот завршен турнир во одбојка за девојчиња во Карпош. На крајот од финалето на лигата беа прогласени трите најдобри одбојкарки, и тоа за најдобар смечер Стефани Пецалевска од ООУ „Владо Тасевски“, најдобар играч Мила Ристановска од ООУ „Петар Поп Арсов“ и најталентиран играч Бојана Маројевиќ од ООУ „Лазо Трповски“. Им посакуваме и во иднина да постигнуваат одлични резултати.



ХОРОСКОП



Јоана Станиќ

Мај '15

ОВЕН – Не брзајте со донесување на одлуки на работен план. Внимавајте на односите со колегите и потрудете се да ги надминете негативните реакции. Љубовта ви зависи само од вашата моментална конкретна визија. Бидете повнимателни со партнерот. Здравје одморајте повеќе.

БИК – На почетокот на мај ќе чувствувате дека работите на работен план течат многу брзо. Потребно е кон секоја работа да имате индивидуален пристап за да имате видливи резултати. Во љубовта ќе ви треба многу труд за да го задржите партнерот покрај себе, бидете искрени. Чувајте се од настинки.

БЛИЗНАЦИ – Секој потег ќе го анализирате и тоа ќе ви донесе успех во понатамошниот период. Долгорочните проекти ќе ви бидат особено успешни во овој период. Подобрата половина не ја убедувајте за исправноста на вашите одлуки, едноставно потрудете се да не влегувате во тензични ситуации. Посетете стоматолог.

РАК – Може да се соочите со многу разочарувања или промена на работното место. Сепак пред донесување на одлуки не брзајте. Љубовниот живот целосно ќе ве исполни и ќе ве направи среќни. Може да планирате заеднички одмор со партнерот. Повеќе прошетки во природа.

ЛАВ – Водете сметка за финансиите бидејќи периодов нема да ви биде многу наклонет. Доколку работите за себе ќе може да ги остварите целите кои претходно сте ги утврдиле. Соништата на љубовен план ќе почнат да ви се остваруваат. Повеќе сон.

ДЕВИЦА – И покрај енергијата што ја вложувате, посакуваните резултати на работен план нема да се движат во насока која вие ја посакувате. Можна е промена на работното место. Во љубовта бидете потрпеливи кон партнерот и посветете му повеќе време. Моменталното незадоволство може негативно да влијае на вашето здравје, затоа повеќе време поминувајте во природа.

ВАГА – Полни сте со енергија и потрудете се да ја искористите на најповолен начин. Можни се нови преговори на работен план или деловна соработка со странци. Во љубовта можно е да се најдете во ситуација каде ќе треба да одлучите што е поважно за вас – вашата лична среќа или на партнерот. Можни се проблеми со генитални органи, посетете лекар.

СКОРПИЈА – Кон средината на месецот ќе сфатите дека се што ќе зацртате можете и да остварите. Финансиите ќе бидат на задоволително ниво, но воздржете се од расипничко трошење. Љубовта ќе ви донесе возбудлив и динамичен период. Здравје добро.

СТРЕЛЕЦ – Првите десетина дена искористете ги за преговори, договори и донесување на значајни одлуки на работен план. Побарајте совет при донесување на одлуки. Потребата за слобода може да ги наруши односите со партнерот. Спортувајте.

ЈАРЕЦ – Во работата ќе вложувате максимум, но важните одлуки оставете ги за донесување во идниот период. Партнерските односи може да бидат на преиспитување. Ќе чувствувате дека партнерот не ви посветува доволно внимание. Доколку имате хронични болести направете контрола на лекар.

ВОДОЛИЈА – Периодот ќе ви биде поволен за да дојдат до израз вашите квалитети. Соработката во работењето позитивно ќе се одрази на целокупниот работен план. Обврските завршувајте ги на време. Во љубовта нема да има големи промени, можни се кратки авантури. Поведете повеќе сметка за здравјето, консумирајте повеќе свежи производи.

РИБИ – Многу непредвидени околности во работата. Соберете го искуството и насочете ги сите сили кон остварување на целите. Резултатот нема да изостане. Љубовта ќе ви донесе нови позитивни моменти. Одморајте повеќе за да не дојдете во состојба на хронична исцрпеност.



Бахова цветна терапија

CHESTNUT BUD (AESCULUS HIPPOCASTANUM) – ПУПКА ОД ДИВ КОСТЕН

Chestnut Bud (Aesculus hippocastanum) – пупка од див костен е препарат кој е потребен за личности кои не учат од сопствените искуства или грешки и поради тоа не се во можност да направат чекор напред во животот. Постојано ги повторуваат истите грешки, избираат погрешно занимање, работно место, погрешни луѓе, погрешни пријатели или партнери.

Типично за оваа есенција е наместо да научат нешто од грешките тие се обидуваат да го заборават она што било негативно во минатото. Поради тоа кај нив не постои добра основа за донесување на добри одлуки во сегашноста и иднината. Едноставно имаат недостаток на интересирање за актуелните случувања. Често не се свесни дека прават грешки и затоа се вели дека оваа есенција е за незрелост и површност.

Само што ќе започнат да се занимаваат со некоја активност, ја оставаат и почнуваат да се занимаваат со некоја друга, без разлика што претходната не е завршена. Овие личности кога разговараат со други, често не го слушаат соговорникот, туку размислуваат за некоја нова тема или прашање. На здравствен план им се повторуваат истите болести или воопшто здравствени потешкотии (на пример, добиваат мигрена после дискусија на одредена тема или средба со одредена личност). Никогаш не се прашуваат кои се причините за грешките кои ги прават, ниту пак бараат можности за решавање на проблемот. Доколку пак најдат решение за проблемот веднаш стануваат незаинтересирани за навистина во реалноста да го решат или пак решението ќе биде површно.





Chestnut Bud се користи кај личности кои имаат проблеми со концентрацијата, учењето, памтењето, побавно се развиваат и се приспособуваат на нови ситуации, кај емотивна, социјална или интелектуална незрелост. Оваа есенција овозможува од секојдневните искуства да се извлече максимум, да се учи од сопствените грешки и како подобро да се однесуваат во иднина кон нештата кои би се случиле.

Користењето на овие капки овозможува да се развие способноста за разбирање на своите постапки, разбирање на другите луѓе и можност да се учи од нив. Добиваат знаење и мудрост како да напредуваат во животот и како да го развијат вниманието. Болести од кои може да боледуваат личностите во негативна Chestnut Bud состојба се: гастритис, главоболка, некоординација, артериосклероза, бавно зараснување на рани, аутизам, ментален хендикеп. Често се дава кај деца кои имаат проблем со учењето и дисциплината.

Јоана Станиќ





ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА
"ЕЛИСАВЕТА"

Дом за стари лица "Елисавета"

02/30-62-021
02/61-46-880
078/43-41-49

Гозбови Јадења

ДОМАШНИ ЈАДЕЊА КАКО ШТО ГИ ПРАВИ МАМА...

СО ВКУСОТ НА МАМА

ВРЕДНОСЕН ВАУЧЕР

Вие сте добитник на ВКУСЕН вредносен ваучер **60** *ден*

Пилешка салата
Сарма
Пилешки прсти
Погачи
Печење
Домашна пита
Руска салата



НАЈЕФТИНИ ЦЕНИ НА ГОТВЕНА ХРАНА ВО ГРАДОТ!

Т.Ц. Лептокарија (веднаш до Канела)
тел. 02/ 30 66667

отсечете го овој ваучер и нарачајте нешто по ваш вкус...



Иван Иванишевиќ победник на Опен Карпош 2015